РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3713/9
10-10-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 32, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 51 и 52 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), на 52-та седница одржана на ден 10.10.2021 година, во присуство на овластен претставник на независниот кандидат за градоначалник на Општина Куманово, предложен од група на избирачи „За наше Куманово" – Максим Димитриевски, со уредно овластување од 08.10.2021 година и во отсуство на претставник на подносителот на приговорот - уредно повикан, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - Коалиција „Најдоброто за мојата општина" предводена од СДСМ, преку овластен потписник Бранко Георгиевски, до Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12-3713/1 од 05.10.2021 година, против независниот кандидат за градоначалник на Општина Куманово, предложен од група на избирачи „За наше Куманово" – Максим Димитриевски поради повреда на член 78-а став 2,3 и 4 од Изборниот законик, со наводи дека на независниот кандидат за градоначалник на Општина Куманово, предложен од група на избирачи „За наше Куманово" – Максим Димитриевски му е овозможено да користи поголем број на рекламни паноа и билборди од со закон предвидените 10%, согласно членот 78-а став 4 алинеја 4, а во врска со ставот 2 на истиот член од Изборниот законик, како вкупен процент на дозволени рекламни паноа и билборди кои можат да се искористат за политичко рекламирање на територијата на определена општина, во случајот Општина Куманово, во период на изборната кампања за избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје, 2021 година, **СЕ ОДБИВА**.

2) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

3) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до лицето против кое е поднесен приговорот.

4) Предметот број 12-3713/1 од 2021 година се затвора и се архивира.

## Образложение

На ден 05.10.2021 година до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12-3713/1 од 05.10.2021 година врз основа на членот 74-а од Изборниот законик, кој е во врска со членот 32 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поднесен од Коалиција „Најдоброто за мојата општина" предводена од СДСМ, преку овластен потписник Бранко Георгиевски, а во врска со сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за избори за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk